Христо МЕЛОВСКИ

# ИНСТИТУЦИЈАТА ЕКСКУСИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ВО XI И XII ВЕК СПОРЕД ДАРОВНИТЕ ПОВЕЛБИ НА ВИЗАНТИСКИТЕ ЦАРЕВИ

Екскусијалните формули[1] на даровните повелби на византиските цареви од XI и XII век ни даваат доста материјал за поцелосно осветлување на институцијата екскусија (= ἐξκουσσεία). Досегашните студии[2] за оваа институција направија многу повеќе од она што се подразбира под пионерски чекори, но сепак резултатите не дозволуваат да се помисли дека проблемот на екскусијата е наполно решен. Според констатацијата на Г. Острогорски, со проблемот на екскусијата специјално се занимавале мал број истражувачи, додека историјата на имунитетот во западноевропските феудални држави била темелно истражувана од повеќе генерации историчари[3].

Суштината на екскусијата, на пример, и нејзиниот однос кон институцијата имунитет на западноевропските држави не се наполно објаснети и разликите во мислењата сé уште се големи. Некои научници ги идентификуваат двете институции, како што тоа го прават А. Соловјев и В. Мошин[4]. Тие го извлекуваат зборот ἐξκουσσεία од латинскиот збор

---

[1] Покрај овој наш термин во науката се употребени и термините: „Befreiungsformel" (формула за ослободување), што го употребил F. Dölger и „имунитетна формула", што го употребил Г. Острогорски.

[2] П. А. Яковенко, К истории иммунитета в Византии. Юрьев, 1908 стр. 55 сл.; К. Н. Успенский, Экскуссия — иммунитет в Византийской империи. ВВр. XXIII (1923), стр. 74—117.; А. П. Каждан, Аграрние отношения в Византии XIII—XIV вв. Москва 1952, стр. 95 сл.; Г. Острогорски, Прилог историји имунитета у Византији „Сабрана дела Георгија Острогорског", I, Београд, 1969 стр. 405—479; Д. Ангелов, Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век. София 1958, стр. 123 сл.; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия в XI—XII вв. Москва 1960, стр. 219 сл.; Б. Панов, Имунитетот и феудалната рента во Македонија во XI и XII век според писмата на Теофилакт Охридски. Годишен зборник Филозофски факултет на Универзитетот — Скопје, кн. 22 Скопје 1970 стр. 225—267.; Б. Панов, Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ. Скопје 1971 стр. 131 сл.

[3] Г. Острогорски, Прилог историји имунитета... стр. 408.

[4] А. Соловјев и В. Мошин, Грчке повеље српских владара. Београд, 1935, стр. 433.

excusare[5], а неговото пак значење го изедначуваат со зборот immunitas. Како последица на тоа заклучуваат, дека екскусијата и имунитетот се не само содржински, туку и појмовно идентични[6].

Советскиот научник А. Каждан припаѓа кон групата византолози кои тврдат дека овие институции не се истоветни. Разликата меѓу нив, според него, се состои во тоа што екскусијата на дестинатарот му обезбедува финансиски привилегии, а имунитетот — административно-судски права[7]. И Д. Ангелов го застапува истото мислење. Тој ги разграничува овие две институции, така што под екскусија разбира ослободување на феудалците од разни давачки, а под имунитет судски права на истите над нивните селани[8].

Третата група научници смета, дека меѓу екскусијата и западноевропскиот имунитет немало остра граница[9]. Б. Панов, на пример, е на мислење, дека доколку меѓу овие две институции постојат разлики, тие треба да се бараат во специфичниот развиток на феудализмот во Византија[10].

Г. Острогорски, кој екскусијата ја идентифицира со имунитетот, го дава следното објаснување за настанувањето на екскусијата во Византија: „. . . Принудена да се откаже од извесни права и прерогативи, државната власт нив по пат на дарување ги пренесува на земјопоседникот имунист, кој на тој начин спрема потчинетото население на неговите поседи остварува определени функции од надлежноста на државата"[11]. Меѓутоа констатацијата на Г. Острогорски, дека државата била принудена да се откажува од извесни свои права и прегогативи во корист на феудалците, не е објаснета. Таа всушност нé упатува на појдовната точка на институцијата екскусија, на суштинските причини за нејзино настанување. Екскусијата се развивала во борбата на феудалците против централната власт, која пак (во духот на теократската доктрина) сите отстапки кон сé посилните феудалци ги правела под плаштот на великодушни дарувања. Размерите на екскусијата и нејзината рашireност се аналогни на нивото на феудализацијата на византиското општество и го определуваат степенот на феудалниот сепаратизам. Имунитетот во Западна Европа се развивал како антипод на феудалниот сепаратизам, а неговата цел била да ја зајакне централната власт. Значи, појдовните основи на екскусијата во Византија и имунитетот во западноевропските феудални земји се различни и во тоа се состои, според нас, суштинската разлика меѓу овие две институции.

---

[5] Сп. F. Dölger, Beiträge zur Geschichte der byzantinischen Finanzverwaltung besonders des 10. und 11. Jahrhunderts. Leipzig—Berlin 1927 стр. 63, бел. 5 и 6.

[6] А. Соловјев и В. Мошин, Грчке повеље, стр. 433.

[7] А. П. Каждан, Деревня и город в Византии IX—X вв. Москва 1961 стр. 212.

[8] Д. Ангелов, История на Византия (1204—1553), III, София, 1972, стр. 12.

[9] Г. Цанкова-Петкова, Феодалното землевладение в южните и югозападните български земи под византиско владичество. Известия на Института за българска история 8. София, 1960, стр. 296; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия. . . стр. 321.

[10] Б. Панов, Имунитетот и феудалната рента. . ., стр. 226; исто, Теофилакт Охридски. . ., стр. 132.

[11] Г. Острогорски, Прилог историји имунитета. . ., стр. 407.

Познато е дека Византија во текот на нејзиното постоење останала централизирана држава; затоа екскусијата во нејзините судско-административни форми никогаш не ги достигнала размерите на имунитетот на средновековните европски држави. На пример, централната власт во Византија во IX и X век се стремела да ги контролира општините, а низ институцијата ἀριθμός си го осигурала правото бројот на париците на поседите на феудалците да го контролира со цел да го држи на една константна висина[12]. Оваа контрола над бројот на париците продолжила и во XI и XII век, на што укажуваат даровните повелби од овој период[13].

К. Н. Успенскиј, според Г. Острогорски, за екскусијата изнел две погрешни тврдења: прво, дека екскусијата се давала исклучиво на манастирите; и второ, дека нејзината примена по XI и XII век непрестано се смалувала, а самата институција постепено дегенерирала[14]. До првиот за лучок, според Г. Острогорски, К. Н. Успенскиј дошол зашто повелбите кои ги истражувал биле издадени исклучиво на манастирите. Според нас, до оваа погрешна констатација К. Н. Успенскиј дошол поради фактот што тој ги изедначил институциите екскусија и имунитет. Како што е познато, централната власт во западноевропските земји давала имунитет исклучиво на црквата и манастирите, со цел да ја ограничи власта на световните феудалци. Вториот погрешен заклучок резултира од опширноста, односно краткоста на екскусијалните формули. По правило, екскусијалните формули на даровните повелби од XI век биле многу опширни, додека оние од подоцнежните векови биле многу покуси и понекогаш сосема обопштени. Слични разлики по однос на должината на формулацијата се евидентни и кај други повелби од истиот период, а особено кај разните видови даровни повелби. Со два примера ќе ја поткрепиме оваа констатација. Првиот е земен од опширната екскусијална формула на хрисовулата (χρυσόβουλλος λόγος) издадена од царот Никифор III Вотанијат (1078—1081) во јули 1079 година на светогорскиот манастир Ивирон[15]. Во оваа повелба се наброени околу 60 категории воени лица и чиновници на централната и провинциската власт на кои им се забранува влегување во екскусијалните имоти на манастирот или пак да бараат било што од овие имоти. Долгата низа чиновнички звања завршува со општата формулација „и секој друг што врши јавна служба" (καὶ παντὸς ἑτέρου δουλείαν τοῦ κοινοῦ μεταχειριζομένου)[16]. Потоа следуваат околу 40 разни давачки за кои манастирот Ивирон добил екскусија, т. е. истите не морал да ги доставува на државата. Покрај поединечното набројување на овие давачки, четирипати се употребува

---

[12] А. П. Каждан, Деревня и город..., стр. 177.

[13] Во практиконот за манастирот Елеуса кај Струмица царот Мануил 1 Комнин му дозволил на манастирот да ги задржи 12 зевгарати, кои порано биле безимотни (L. Petit, Le Monastère Notre Dame de Pitié en Macédoine. Известия Русского Археологического Института в Константинополе VI выпуск. 1, София, 1900, стр. 36, ред 11—16). Исто така царот му го обезбедувал на манастирот дополнувањето на овие зевгарати со нивните деца (L. Petit, Le Monastère Notre Dame..., стр. 32, ред 19—21).

[14] Г. Острогорски, Прилог историји имунитета..., стр. 409.

[15] F. Dölger, Aus den Schatzkammern des Heiligen Berges 115 Urkunden 50 Urkundensiegel aus 10 Jahrhunderten. München 1948, бр. 35, стр. 101, ред 80—107

[16] F. Dölger, Aus den Schatzkammen.... бр. 35, стр. 102, ред 104—105.

и општата формулација: „како и сите други". На пример, по зборот ἀγορά[17] следат шеснаесет имиња на разни животни, а пото. изразот: „и останатите животни" (καὶ λοιπῶν τετραπόδων)[18]. По терминот ἐξώνησις (обврска за набавување животни намирници по намалени цени за војници и чиновници) се набројуваат четири вида житарици, а потоа доаѓа изразот: „и секакви житарици" (καὶ παντίων σπερμάτων)[19]. По зборот ἐκβολή[20] следат 12 воени чинови и чиновнички звања, како и реченицата: „и останатите побарувачи и секој друг што му е дозволено истражување на државните работи" (καὶ λοιπῶν ἀπαιτητῶν καὶ παντὸς ἑτέρου δημοσιακῶν πραγμάτων ἔρευναν ἐπιτετραμμένου)[21]. Добивањето екскусија за многубројните епирии[22] покрај набројувањето на поважните од нив се заклучува и со изразот: „и просто од секоја друга епирија сега позната или подоцна воведена" (καὶ ἁπλῶς πάσης ἄλλης ἐπηρείας νῦν τέ διεγνωσμένης καὶ ἐς ὕστερον ἐπινοηθησομένης)[23].

Вториот пример е земен од кратката екскусијална формула на хрисовулниот сигилиј (χρυσόβουλλον σιγίλλιον) издаден од царот Алексиј I Комнин (1081—1118) во октомври 1092 година на атонскиот манастир Лавра. Оваа повелба Алексиј ја издал врз основа на поплаките од калуѓерите на манастирот Лавра против чиновниците на севастократорот Исак, брат на Алексиј, кои се мешале во работите на нивниот метох Свети Андрија, во близината на Солун. Покрај забраната за мешање на чиновниците на севастократорот Исак, царот Алексиј I Комнин на калуѓерите им дал ограничена екскусија за овој метох, без притоа да се набројуваат разните категории чиновници и воени лица, како и разните давачки. Во повелбата се предвидувало кулуѓерите да ги плаќаат само утврдените државни даноци[24]. Општите формулации, без опширно и одделно набројување на давачките и забранувањето пристап на разните чиновници на екскусијалниот имот, се доволни за да се осигура и опише дадената екскусија. Она што во оваа повелба е апострофирано од екскусијата е изразен со општата формулација: „од калуѓерите треба да се земаат само пропишаните даноци и ништо повеќе" (ὡς μόνα τὰ ἀνήκοντα τέλη λαμβάνειν ὀφείλοντες παρὰ τῶν μοναχῶν καὶ πλέον μηδέν)[25].

---

[17] Агора (ἀγορά) би била најверојатно обрвска на продавање на животни по намалени цени.

[18] F. Dölger, Aus den Schatzkammern. . . , бр. 35, стр. 120, ред 80—82.

[19] F. Dölger, Aus den Schatzkammern. . . , бр. 35, стр. 102, ред 84.

[20] Екволи (ἐκβολή) била обврската за лиферување на животни намирници и храна на чиновниците и пратениците (F. Dölger, Aus den Schatzkammern. . . , бр. 1/2, стр. 27, бел. 31).

[21] F. Dölger, Aus den Schatzkammern. . . , бр. 35, стр. 102, ред 85—87.

[22] Покрај редовните давачки државата барала, особено од селското население, и многу други нерегуларни давачки, коишто за разлика од редовните се викале епирии (D. Xanalatos, Betträge zur Wirtschafts- und Sozialgeschichte Makedoniens im Mittelalter, hauptsächlich auf Grund der Briefe des Erzbischofs Theophylaktos von Achrida. Diss. Phil. München, 1937, стр. 47).

[23] F. Dölger, Aus den Schatzkammern. . . , бр. 35, стр. 102, ред 94—95.

[24] P. Lemerle—A. Guilu — N. Svoronos — D. Papachrysanthou, Actes de Lavra. Premiere partie: Des origines a 1204. Archives de l'Athos V. Paris 1970. бр. 51, стр. 271, ред 9—13.

[25] P. Lemerle, Actes de Lavra. . . , бр. 51, стр. 271, ред 17—18.

Изрично и поединечно во слични случаи се приведуваат само оние давачки и обврски за кои дестинатарот добива екскусија. Ова нé наведува да се согласиме со констатацијата на Г. Острогорски дека набројувањето на одделните давачки во екскусијалните формули служи како илустрација на однапред дадената општа изјава за добивање на екскусија. Опширното или пократкото набројување на давачките и обврските, пак, зависело од обичаите на времето, а во одделни случаи и од важноста и свеченоста на даровниот акт, а можеби и од марливоста на составувачот на повелбата[26]. Во случај, како што рековме, кога нешто се апострофира од екскусијата, тоа посебно се нагласува во повелбата. Таков пример сретнуваме и во даровната повелба на Алексиј I Комнин од март 1082 година издадена на феудалецот Леон Кефалас. Во оваа повелба се вели дека уште царот Никифор III Вотанијат на Леон Кефалас му ја подарил парцелата во село Тадрину со обврска да дава данок во висина од 4 и 7/12 номизми (τελεῖν καὶ τούτου δημόσιον δωρησάμενος εἰς νομίσματα τέσσαρα ἥμισυ καὶ δωδέκατον κορυφούμενον)[27]. Во даровната повелба на истиот цар од октомври 1089 година, издадена на наследниците на Леон Кефалас, ја сретнуваме повторно оваа парцела, со ист данок, апострофирана од дадените екскусијални права[20]. Во овие две повелби се набројуваат многубројни давачки и обврски за кои и Леон Кефалас и неговите наследници добиле екскусија, но сепак се обврзувале за оваа парцела и натаму да го плаќаат данокот од 4 и 7/12 номизми Во мај 1086 година Алексиј I Комнин издал уште една даровна повелба на Леон Кефалас, со која тој и неговите наследници го добиле селото Хостиане во темата Моглен, добивајќи притоа целосна финансиска екскусија[29]. За да може да се осигура оваа екскусија на Леон Кефалас над селото Хостиане, царот му наредил на проедорот и логотет на дромот[30] на темата Моглен, Јован, да напише белешка со црно мастило во катастарските книги на оваа тема со што за секогаш Хостиане да се ослободи од сите државни давачки во корист на Леон Кефалас и неговите наследници[31]. Јасно е дека тука се работи за целосна финансиска екскусија, иако од опширната екскусијална формула недостасуваат податоци за ослободување од данокот капникон[32]. Меѓутоа, ова не значи дека фискусот и натаму побарувал капникон од селото Хостиане, а што во таков случај царот би го нагласил тоа во својата повелба, како што е тоа направено во случај со данокот од парцелата во селото Тадрину[33].

Со институцијата екскусија духовните и световните феудалци добивале не само финансиски привилегии, туку често и административно-

[26] Г. Острогорски, Прилог историји имунитета..., стр. 422.

[27] P. Lemerle, Actes de Lavra..., бр. 44, стр. 243, ред 12—13.

[28] P. Lemerle, Actes de Lavra, бр. 49, срт. 261, ред 11—12.

[29] P. Lemerle, Actes de Lavra..., бр. 48, стр. 258, ред 11—14.

[30] Логотетот на дромот бил шеф на управата на царската пошта. Во компетенциите на оваа управа спаѓале: ангариите поврзани со поштата, одржување на паиштата, на животниот и возниот парк (F. Dölger, Beiträge... стр. 14).

[31] P. Lemerle, Actes de Lavra..., б.р 48, стр. 258, ред 16—23.

[32] Капниконот бил данок за огниште кој во средновизантиското време го заменил данокот на глава (F. Dölger, Aus den Schatzkammern..., бр. 1/2, стр. 27, бел. 30).

[33] Г. Острогорски, Прилог историји имунитета..., стр. 422.

судски права над жителите на своите екскусијални имоти. Ако, меѓутоа, се има предвид дека Византија останала во текот на целото нејзино постоење, повеќе или помалку, централизирана држава, тогаш може да се каже, дека само во ретки случаи на феудалците им се доделувале и административно-судски права. Даровните повелби на византиските цареви од XI и XII век не ни даваат директни докази за доделувањето на вакви права на феудалците. И вестите од писмата на архиепископот Теофилакт не можат во тој однос многу да ни помогнат. Затоа и Б. Панов констатирал: „Писмата на Теофилакт содржат повеќе изворен материјал за финансиските права што ги добивале световните или духовните феудалци во Македонија од страна на византиската држава. Дека државата им давала на феудалците судско-административни права Теофилакт скоро и не спомнува"[34]. Поради тоа принудени сме во постојните извори да бараме индиректни докази кои ќе фрлат повеќе светлина на административно-судската екскусија.

Во спомнатата даровна повелба на Алексиј I Комнин од октомври 1089 година, издадена на наследниците на Леон Кефалас, покрај парцелата во селото Тадрину, селото Хостиане, имотот Месолимна, се спомнува и имотот Ано. Овој имот уште од порано му бил подарен на Леон Кефалас со една даровна повелба која не е сочувана. Имотот Ано бил одделен од царските домени во темата Македонија; Алексиј сосема го одвоил од јурисдикцијата на управата на овие домени и го подредил, со сите права, под власта на Леон Кефалас. Притоа овој и неговите наследници добиле неограничени права над имотот[35]. Коментирајќи го овој дел од екскусијалната формула, Г. Острогорски со полно право констатирал, дека тука изгледа не се работи само за финансиски имунитет[36]. Иако Г. Острогорски последната реченица не ја коментирал, тој сигурно претпоставувал дека се работи за административно-судски права што Леон Кефалас ги добил за имотот Ано. Со оваа индиректна претпоставка на Г. Острогорски наполно се сложуваме, а во продолжение ќе изнесеме некои факти, кои ќе ја поткрепат.

Имотот Ано му припаѓал на царските домени во темата Македонија. Овие имоти биле многу големи и управувани од посебна управа, која се нарекувала ἐπίσκεψις[37]. Неприфатлива е претпоставката, дека оваа управа се занимавала само со чисто економски прашања од животот на домените. Таа морала да контролира, па според тоа и да казнува, за што ѝ биле потребни и соодветни органи. На постоењето вакви органи упатува и фактот што во приведената повелба имотот Ано е двојно одделен од царските домени: прво, царот го одвоил од сите права на управата на домените, а потоа сосема од неа го исклучил[38]. Со голема

[34] Б. Панов, Теофилакт Охридски. . ., стр. 132.

[35] P. Lemerle, Actes de Lavra. . ., бр. 49, стр. 262, ред 20—26.

[36] Г. Острогорски, Прилог историји имунитета, стр. 424.

[37] За епискепсис, сп. F. Dölger, Beiträge. . ., стр. 151.

[38] „. . . ὃ τῇ ἐπισκέψει Μακεδονίας ἄνωθεν ὑποκείμενον ἀπέσπασε πάντῃ τῶν ταύτης δικαίων ἡ ὑμετέρα εὐσέβεια, καὶ τέλεον ἐκείνης ἀποξενώσασα τῇ τοῦ Κεφαλᾶ δεσποτείᾳ ὑπέθετο, ὥστε προσεῖναι τούτῳ δεσποτικῶς, καὶ δεσπόζεσθαι παρά τε τούτου καὶ τοῦ ὅλου μέρους αὐτοῦ εἰς τὸν ἑξῆς ἅπαντα χρόνον διηνεκῶς." (P. Lemerle, Actes de Lavra. . ., бр. 49, стр. 262, ред 20—23).

веројатност може да се констатира, дека во првото одвојување се работи за целосна финансиска екскусија (ἀπέσπασε πάντη τῶν ταύτης δικαίων), а во второто и за другите видови екскусија (καὶ τέλεον ἐκείνης ἀποξενώσασα).

Како индиректен доказ за доделување на судско-административни права на одделни феудалци би можело да се смета подарувањето на парицитe. Се разбира дека парицитe во прв ред на феудалцитe се подарувале како работна сила. Притоа феудалната експолатација се базирала врз вонекономска принуда. Оттука и потребата за постоење на разгранет апарат за принуда. Покрај централната и месната власт нужно постоела и власт на одделни феудалци, која често била и институционализирана. Следниот пример може да ја потврди ваквата констатација. Во август 1084 година царот Алексиј I Комнин издал една повелба на манастирот Лавра[39], по барање на калуѓерите на овој манастир, кои на полуостровот Касандра имале имоти. Тие му се пожалиле на царот, дека се плашат да не бидат насилно доведени во положба на парици, бидејќи, врз основа на една негова поранешна наредба, тие требало, наместо на државата, во иднина определените даноци од овие имоти да ги даваат на протосевастот Адријан, неговиот брат. Бидејќи меѓу Адријан и калуѓерите дошло до несогласување, од страна на царот бил испратен антипатот Михаило за израмнување. Михаило, врз основа на едно компромисно решение, постигнал спогодба меѓу странките. Алексиј со гореспоменатата повелба го утврдил ова решение, односно со неа го забранил мешањето на чиновниците на Адријан во работите на касандриските имоти на манастирот Лавра, иако калуѓерите морале и натаму утврдените даноци да му ги исплатуваат на Адријан. Чиновниците на Адријан, меѓутоа, не смееле сега повеќе да бараат ангарии од парицитe на овие имоти или што и да е друго.

Состојбите што ни се презентираат со оваа повелба наметнуваат многу прашања, меѓутоа, ние го издвојуваме она што е од интерес за институцијата екскусија, а посебно за нејзините административво-судски облици. Се поставува прашањето врз што се темели загриженоста и стравот на калуѓерите од ова пренесување на фискалните права на Адријан. Ако ова пренесување било само техничко и без други непожелни последици, на калуѓерите би требало да им биде сé едно кому му ги плаќаат утврдените државни даноци. Самото поплакување на калуѓерите до царот, испраќањето на антипатот Михаило за израмнување по настанатите несогласувања меѓу Адријан и манастирот Лавра, на крајот, повелбата на Алексиј за забрана на чиновниците на Адријан да се мешаат во работите на манастирските имоти, упатуваат на заклучокот, дека ова пренесување содржело многу повеќе отколку механичко пренесување на плаќање на даноци, практика што не била озаконета, но постоела во секојдневјето на византиското феудално општество. Тоа, пак, за нас би била

[39] Сп. F. Dölger, Corpus der griechischen Urkunden des Mittelaltres und der neueren Zeit. Herausgegeben von den Akademien der Wissenschaften in München und Wien. Reihe A: Regesten. Abteilung 1: Regesten der Kaiserurkunden des Oströmischen Reiches. Teil 2 Regesten von 1025—1204. München—Berlin, 1925, бр. 1118 и P. Lemerle, Actes de Lavra. . . , бр. 46, стр. 250—251.

судско-административната екскусија, која во конкретниот случај се остварувала по нерегуларен пат. Ваквите случаи не биле ни осамени ни ретки, затоа и калуѓерите се плашеле за нивната економска и правна положба.

Слична опасност гледале калуѓерите на манастирот Лавра од мешањето во работите на нивниот метох Свети Андрија на проноитите (προνοηταί) на севастократорот Исак, брат на Алексиј. Затоа тие го мoлеле Алексиј да го забрани тоа мешање[40]. Во оваа повелба пак наидуваме на обид по насилен пат да се остваруваат извесни судско-административни права за сметка на овој манастирски имот, сега од страна на севастократорот Исак и неговите луѓе. Световните и духовните феудалци во Византија низ институцијата екскусија добивале, покрај финансиски привилегии, и судскоадминистративни права. Тоа индиректно го докажуваат и самите екскусијални формули на даровните повелби, односно нивното обликување. Имено, тие се составени скоро секогаш од два дела: првиот дел, со кој дестинатарот добива делумна или целосна финансиска екскусија; и вториот дел, со кој давачот на повелбата го забранувал пристапот на разните чиновници и воени лица во имотот на дестинатарот. Не би можеле да се согласиме со мислењето на А. Каждан, дека судскиот имунитет во Византија сé до XIV век бил многу ограничен, а особено со неговото тврдење, дека забранувањето на пристапот на разните чиновници во имотите на феудалците не укажува на судски имунитет. Тој смета, дека забранувањето на пристапот на овие или оние судски чиновници во имотите на дестинатарот значи одземање од јурисдикцијата на месните судови и подредување на истите под контрола на престолничката администрација[41]. Во екскусијалните формули во набројувањето на разните видови чиновници, чии пристап се забранува, не се наоѓаат само оние од локалните власти, туку и чиновници на централната власт.

Проширувањето и зајакнувањето на пронијарскиот систем во Византија влијаело воопшто врз развитокот на екскусијата, па и врз нејзините судско-административни облици. Пронијарите, како воени заповедници, располагале со помала или поголема група вооружени луѓе и врз основа на оваа војничка сила тие објективно биле во состојба, и покрај централната власт, за себе да узурпираат разни привилегии и права. На постоењето на ваква практика укажува и примерот што е опишан во протоколите на дуксот на Солун, Јован Контостефан, од ноември 1162 година[42]. Во нив се расправа за судскиот процес воден меѓу манастирот Лавра и пронијарот Панкратиј Алемас за осум парици, кои Панкратиј му ги одземал на манастирот, како и за една манастирска нива, што од

---

[40] Сп. хрисовулниот сигилиј на Алексиј I Комнин од октомври 1092 година за манастирот Лавра (F. Dölger, °Aus den Schatzkammern. . . , бр. 14, стр. 55—56 и P. Lemerle, Actes de avLra. . . , бр. 51, стр. 270—271).

[41] А. П. Каждна, Византийская культура. Москва, 1968, стр. 82.

[42] Сп. G. Roullard — P. Collomp, Actes de Lavra. Archives de l'Athos I. Edttion diplomatique et critique. т. I (897—1178). Paris, 1937, бр. 64, стр. 331. 333. Опширна анализа на оваа повелба дава Г. Острогорски во неговата работа „Пронија. Прилог историји феудализма у Византији и у јужнословенским земљама". Посебна издања Византолошког Института књ. 1, Београд 1951, стр. 20—22.

калуѓерите на овој манастир му била дадена на претходникот на Панкратиј. Меѓутоа, целата работа излегла пред суд. Судот го решил спорот во корист на манастирот, со мали отстапки направени на Панкратиј. Значи, сè до судскиот процес, по нерегуларен пат присвоените парици се наоѓале под негова контрола и работеле во неговата пронија.

Исто така и некои индиректни вести од писмата на архиепископот Теофилакт упатуваат на заклучок, дека и световните и духовните феудалци во Македонија располагале со судско-административни права. Меѓутоа, во овој период, целосниот судско-административен имунитет бил реткост во Византија, Оваа констатација особено важи за приликите во Македонија, која била погранична област на Империјата и прва мета на нападите од нејзината западна страна. Оттука се наметнувала и потребата од постојано присуство на централната власт. Ваквата положба ја потврдуваат и вестите од писмата на Теофилакт во кои се вели дека во „варварската земја" Македонија бил неопходен сојузот на црквата со државата[43]. Една друга вест од Теофилакт упатува кон заклучокот дека духовните феудалци располагале со судско-административни права. Се работи за еден калуѓер, кој бил под сомневање дека е еретик, а Теофилакт, немајќи пред кого да го обвини, морал да го ослободи од затвор. Меѓутоа, тој се искажувал дека, кога повторно би го фатил, би го оставил да умре во затвор[33]. Фактот дека Теофилакт за повторното апсење на овој еретик испратил свои луѓе јасно укажува дека црквата, во конкретниот случај архиепископијата во Охрид, располагала со апарат на сила.

Оваа вест на Теофилакт различно била толкувана од истражувачите. Некои од нив се изјасниле дека Теофилакт располагал со целосен судско-административен имунитет. Во прв ред така мисли В. Николаев[45]. Г. Г. Литаврин, пак, смета дека се работи за ограничен судско-административен имунитет[46]. Со ова мислење се сложува и Б. Панов[47]. Ако се земе предвид постоењето на силна централна власт во Византија и веста на самиот Теофилакт за потребата од мешање на државната власт во работите на црквата и обратно, мора да се сложиме со мислењето на Г. Г. Литаврин.

Теофилакт индиректно потврдува дека световните феудалци во Македонија располагале со административно-судски права кога констатира дека нивната сила станала толку голема, што на архиепископот му спречувале собирање на канониконот (црковен данок) од нивните имоти[48].

Формулациите, со кои се означуваат разните видови на екскусија, иако стандардизирани, не значат секогаш исто. Впрочем, од терминолошка непрецизност, како што е познато, не биле имуни ни византиските чиновници. Различното, а почесто изнијансираното значење на истата

---

[43] Б. Панов, Теофилакт Охридски. . . , стр. 149.

[44] Б. Панов, Теофилакт Охридски. . . , стр. 142.

[45] Сп. В. Николаев, Феодални отношения во покорената от Византия България отразени во писмата на Теофилакт Охридски, архиепископ български. София 1951, стр. 130 и 178.

[46] Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия. . . , ск. 234.

[47] Б. Панов, Теофилакт Охридски. . , стр. 143.

[48] Б. Панов, Теофилакт Охридски. . . , стр. 135.

формулација, придонесува за различно нејзино толкување од страна на истражувачите.

Целосната финансиска екскусија најчесто се означувала со ἐξκουσσεία καθαρᾶ. На пример, во хрисовулата на Никифор III Вотанијат од јули 1079 година издадена за метохот Мелана на манастирот Лавра, се работи за целосна финансиска екскусија (πᾶσιν ἐξκουσσείας καθαρᾶς ἀπολαύσουσιν)[49] што овој манастир ја добил за својот метох Мелана и за неговите 100 парици, ослободени од данок (δωρεὰ τῶν ἑκατὸν ἀτελῶν παροίκων)[50]. Во спомнатата хрисовула на Алексиј од мај 1086 година, издадена на Леон Кефалас за селото Хостиане, целосната финансиска екскусија се детерминира со зборовите: ἀβαρῶς и ἀτελῶς[51].

Укажуваме на три примери на ограничена финансиска екскусија. Првиот е земен од хрисовулата на Алексиј I Комнин од август 1084 година издадена на манастирот Лавра. Во диспозицијата на оваа повелба царот му определува на манастирот и натаму да ги плаќа државните даноци (τὰ ἀνήκοντα τοῦ δημοσίου τελέσματα))[52] на неговиот брат Адријан. Вториот е земен од повелбата на истиот цар од март 1082 година со која му се подарува на Леон Кефалас парцелата во село Тадрину. За неа тој добил екскусија за сите давачки и ангарии, но и натаму тој и неговите наследници на државата морале да го плаќаат утврдениот данок од 4 и 7/12 номизми[53]. Ограничена финансиска екскусија добил манастирот Лавра за својот метох Свети Андрија крај Солун. Како што видовме, со повелбата од 1092 година Алексиј го забранил мешањето на проноитите на неговиот брат Исак во работите на овој метох. Но, истовремено, тој определил манастирот и натаму да ги доставува на Исак утврдените даноци (μόνα τὰ ἀνήκοντα τελέσματα)[54]. Во хрисовулата на Алексиј од август 1106 година на манастирот Елеуса кај Струмица му се доделува екскусија за 12 парици подарени на манастирот, кои биле ослободени од даноци и обврски кон фискусот, зашто биле без свои имоти (δίδωσι τοῖς μοναχοῖς καί παροίκων ἐξκουσσείαν ἐλευθέρων καὶ ἀτελῶν μήτε στάσεις ἰδίας ἐχόντων μήτε δημοτέλεσι προϋποκειμένων δώδεκα)[55]. Исто така манастирот Елеуса бил ослободен и за 150 овци, 40 крави, 10 кобили и 6 пара волови (’Επὶ τούτοις καὶ προβάτων ἑκατὸν πεντήκοντα ἐξκουσσείαν βοῶν τε ἀγελαίων τεσσαράκοντα, φορβάδων δέκα καὶ ζευγαρίων ἕξ)[56]. Во сите овие случаи, било да се работи за целосна или ограничена финансиска екскусија, изразот екскусија се однесува на париците, давачките, имотите и други конкретни работи. Ваквата употреба на изразот екскусија може да ни послужи како знак за распознавање на финансиската екскусија, а дали таа е целосна или пак ограничена тоа го одредуваат погоре изнесените формулации.

---

[49] P. Lemerle, Actes de Lavra. . . , бр. 38, стр. 218, ред 27.
[50] P. Lemerle, Actes de Lavra. . . , бр. 38, стр. 218, ред 23.
[51] P. Lemerle, Actes de Lavra. . . , бр. 48, стр. 258, ред 15.
[52] P. Lemerle, Actes de Lavra. . . , бр. 46, стр. 251, ред 54.
[53] P. Lemerle, Actes de Lavra. . . , бр. 44, стр. 243, ред 20.
[54] F. Dölger, Aus den Schatzkammern. . . , бр. 14, стр. 55, ред 17—18.
[55] L. Petit, Le Monastère de Notre Dame. . . , стр. 29, ред 9—11.
[56] L. Petit, Le Monastère de Notre Dame. . . , стр. 29, стд. 15—19.

Според мислењето на Г. Цанкова-Петкова, формулациите: ἐξκουσσεία παντελῆς или καθολικὶ ἐξκουσσεία не го означуваат само целосниот финансиски, туку и административниот имунитет[57]. Со ваквото мислење можеме само делумно да се сложиме. Ако овие формулации не се однесуваат на конкретни работи, тогаш не се работи само за целосен финансиски имунитет. Ако пак тие се поврзани со други зборови, т. е. ако се однесуваат и на нив, тогаш тие добиваат објаснувачка функција и во тој случај се работи за целосна финансиска ексусија. На пример, во хрисовулата на Алексиј од јули 1081 година, издадена на светогорскиот манастир на Амалфитаните, во екскусијалната формула стои: „и за да не се пишуваат сите епирии поединечно, нивната екскусија нека биде сеопфатна и чиста (καὶ τὸ μὴ γεγράφθαι τὰς ἁπάσας ἐπηρείας ῥητῶς ἢ παντελῆς τούτων ἐξκουσσεία καὶ καθαρᾶ)[58].

Врз горе изложеното може да се заклучи.

1. Институцијата екскусија влијаела врз развитокот на процесот на феудализацијата и зацврстувањето на феудалниот поредок во Византија.

2. Екскусијата се развивала во борбата на феудалците против централната власт. Во таа борба централната власт била принудувана да се откажува од извесни свои права и прегогативи во корист на феудалците, а тие отстапувања се вршеле низ институцијата екскусија. За разлика од екскусијата, институцијата имунитет во Западна Европа се развивала во борбата на централната власт против феудалниот сепаратизам. Оттука, појдовните точки на овие две институции се различни и во тоа се состои нивната суштинска разлика.

3. Преку екскусијата феудалците не добивале само финансиски привилегии, туку и судско-административни права. На ваков заклучок упатуваат:

а) двојното обликување на екскусијалните формули на даровните повелби, т. е. делот во кој дестинатарот се здобива со финансиски привилегии и делот во кој се забранува пристапот на разните чиновници во централната и локалната власт и

б) формулациите како што се ἐξκουσσεία παντελῆς или καθολικὴ ἐξκουσσεία кога тие во текстот не се однесуваат на конкретни работи.

---

[57] Г. Цанкова-Петкова, За аграрните отношения в средновековна България (XI—XIII век). София, 1964, стр. 103—104.

[58] P. Lemerle, Actes de Lavra. . . , бр. 43, стр. 239—240, ред 41—42.

Hristo MELOVSKI

# DIE INSTITUTION DER EKSKUSSEIA IN MAKEDONIEN IM 11. UND 12. JAHRHUNDERT AUF GRUND DER PRIVILEGIENURKUNDEN DER BYZANTINISCHEN KAISER

(Zusammenfassung)

Die Institution der Ekskusseia stellte in der byzantinischen Feudalgesellschaft jene Institution dar, durch welche sich die Feudalordnung in Byzanz durchsezte, entfaltete und festigte.

Die bisherigen Arbeiten über die Ekskusseia haben die Forschungen auf ein Niveau gebracht, das noch nicht als zufriedenstellend bezeichnet werden kann, trotz der Tatsache, dass die Ekskusseiaformeln der Privilegienurkunden der byzantinischen Kaiser des 11. und 12. Jahrhunderts genügend Material enthalten, um sie besser zu beleuchten. Das Wesen der Ekskusseia und ihr Verhältnis zur Immunität in Westeuropa ist immer noch nicht völlig geklärt und die Meinungsverschiedenheiten zwischen den Forshern bewegen sich von der absoluten Identifizierung der beiden Institutionen bis zu ihrer Charakterisierung als besondere Institutionen. Der wesentliche Unterschied der Ekskusseia und der Immunität im Westen besteht u.E. im Ausgangspunkt. Die Ekskusseia entwickelte sich im Kampf der Feudalherren gegen die Zentralgewalt; durch sie wurde der Staat von gewissen Rechten und Prärogativen zu verzichten gezwungen; ihr Ausmass charakterisierte die Stufe der Feudalisierung der byzantinischen Gesellschaft. Dagegen entwickelte sich die Immunität in Westeuropa mit dem Ziel den Feudalseparatismus zu hemmen und die Zentralgewalt zu festigen.

Durch die Institution der Ekskusseia bekamen die weltlichen und geistlichen Feudalherren in Makedonien nicht nur Finanzimmunität, sondern auch Gerichts-und Administrativimmunität. Beweise für diese Annahme überliefern uns die Privilegienurkunden der byzantinischen Kaiser des 11. und 12. Jahrhunderts, und zwar:

1. Die zweifache Gestaltung der Ekskusseiaformeln dieser Urkunden, d. h. der Teil, in dem der Aussteller der Urkunde dem Destinatär das Abgaben-und Leistungserlassen verordnete und der Teil, in dem der Aussteller das Verbot des Betretens der verschiedensten Beamten und Militärs des Besitzes des Destinatärs befahl.

2. Formulierungen wie ἐξκουσσεία παντελῆς oder καθολικὴ ἐξκουσσεία, wenn sie nicht mit konkreten Kategorien (Abgaben, Leistungen, Tieren) verbunden sind.

Da das byzantinische Reich während der ganzen Dauer sener Existenz, mehr oder minder, ein zentralistischer Staat blieb, hat die Institution der Ekskusseia, besonders in ihren Erscheinungsformen der Gerichts-und Administrativimmunität beschränktes Ausmass erreicht. Dies gilt besonders für Makedonien im betrachteten Zeitraum.